Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-411/4
24.06.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–411/1 од 20.04.2026 година, поднесена од страна на --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на возраст, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на возраст сторена од страна на ---------.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 20.04.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од ---------, за заштита од дискриминација врз основа на возраст, сторена од страна на ---------, заверена со бр. 08-411/1.

Во претставката подносителката наведува дека --------- врши дискриминација врз основа на возраст во рамки на јавен повик објавен од нивна страна за учество во Еразмус+ проектот "---------" каде што е предвиден услов за учесници, и тоа наставници од основно образование на возраст од 18 до 40 години. Подносителката наведува дека наведениот услов претставува дискриминација бидејќи ограничувањето не е објективно оправдано од причина што целите на проектот, кои се развој на дигитални компетенции и иновативни наставни методи, не се поврзани со возраста, туку со стручноста и професионалните компетенции на наставниците. Подносителката дополнително наведува дека условот е непропорционален бидејќи поставувањето на горната граница од 40 години исклучува значителен број наставници кои можат во целост да ги исполнат барањата на проектот.

Дополнително, во претставката е наведено дека долната граница е фактички неприменлива бидејќи наставници не можат да бидат вработени пред завршување на високо образование, и затоа долната граница од 18 години не соодветствува со реалните услови на образовниот систем. Подносителката смета дека постојат помалку рестриктивни алтернативи, бидејќи ако целта е вклучување на наставници на почеток на својата кариера, истата може да се постигне преку критериум поврзан со работно искуство, наместо возраст.

Согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата испрати Барање бр. 08-411/2 од 18.05.2026 година за произнесување по наводите од претставката до ---------, од каде е доставено Известување, заверено во Комисијата со бр. 08-411/3 од 28.05.2026 година.

--------- во своето произнесување наведува дека учествува во проектот "Cooperation partnerships in youth" како партнер организација во меѓународен конзорциум, кој е проект поставен во младинско поле, со јасно изразена ориентација кон млади лица и млади кои се во раниот период од својот кариерен развој, како и младинско учество и вклучување на млади во различни фази од проектните активности. Во произнесувањето е наведено дека проектот ја дефинира целната група како "160 early career primary school teachers" (160 наставници од основно образование на почетокот на нивната кариера) односно 40 млади наставници од секоја од четирите организации кои се дел од конзорциумот. Во деловите што се однесуваат на амбасадорската програма и регрутација на учесници, проектот предвидува избор на "40 young primary school teachers" (40 млади наставници од основно образование) по држава. Дополнително, во меѓународните мобилности за третата година, во кои влегува и повикот за

2026 година, јасно е опишано дека станува збор за активности во кои ќе учествуваат 40 млади наставници од основно образование. Оттука, организацијата дава приоритет на помлади, односно наставници на почетокот на својата кариера, што не претставува произволно утврден локален критериум, туку произлегува од одобрената проектна апликација, од профилот на целната група и насоките за имплементација добиени од донаторот, конзорциумот и проектниот носител.

Организацијата наведува дека станува збор за критериум што бил поврзан со проектниот профил и со функцијата на амбасадорската програма, а не за автоматско исклучување на лица поради нивна возраст или било кој друг критериум. Дополнително, организацијата наведува дека во делот за проектните цели и очекуваните резултати се наведува намалување на младинската невработеност, промовирање на младински талент, вклучување млади луѓе во различни фази на проектот и создавање простор за нивен развој и вмрежување. Организацијата наведува дека проектот е одобрен според одредена проектна апликација која е поднесена во 2023 година, истата се наоѓа во клучна акција од Еразмус+ програмата посветена на млади, и затоа фокусот е последователно ставен на помлади наставници и учесници.

Организацијата наведува дека горенаведеното произлегува и од профилот на организациите кои го сочинуваат конзорциумот, кои се здруженија основани за поддршка на млади луѓе и студенти, младински непрофитни организации кои ги ставаат младите во центарот и чии програмски активности вклучуваат работилници, програми и младински размени насочени кон младите како нивна главна целна група.

Воедно, од асоцијацијата наведуваат дека конечната селекција не била спроведена како апсолутна забрана за лица над 40 години, бидејќи во конечниот избор биле вклучени и повеќе кандидати над 40-годишна возраст, за што била известена и подносителката на претставката во одговорот преку електронска пошта на 01.04.2026 година. Потенцираат дека возраста не била применета како автоматски елиминациски услов, туку пресудна била мотивацијата на апликантите.

Во однос на подносителката на претставката, организацијата наведува дека таа не била меѓу избраните учесници исклучиво поради слабата и нецелосната апликација. На прашањето во формуларот за апликација за мотивацијата за аплицирање, подносителката дала премногу краток и генерален одговор составен од само 5 збора, што не овозможило таа апликација да биде рангирана повисоко во споредба со други кандидати кои доставиле посеопфатно и посоодветно образложение во повеќе сложени реченици и параграфи. Оттука, наведуваат дека одлуката да не се одбере подносителката не може да се сведе на возраст како единствен или одлучувачки фактор, туку одлука донесена во услови на ограничен број места, во рамки на проект со јасно дефинирана целна група, со насоки добиени од проектниот носител и конзорциумот, како и врз основа на споредбена проценка на квалитетот и соодветноста на пријавите.

Во таа насока, според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, **возраст**, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, според кој директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги наводите на подносителката на претставката и произнесувањето од ---------, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

---------, како младинска непрофитна организација, ги става младите во центарот на организацијата, а како своја главна целна група ги наведува младите луѓе, особено средношколци, студенти, NEET групата (Not in Education, Employment, or Training – лица кои не се во образование, вработени или на обука) и лица со помалку можности. Асоцијацијата учествува во проект насловен "---------", кој е проект со јасно изразена ориентација кон млади лица кои се во раниот период од својот кариерен развој, како и младинско учество и вклучување на млади во различни фази од проектните активности. Во рамки на проектот, Асоцијацијата објавила јавен повик за учество во Еразмус+ проектот "---------" при што бил предвиден услов учесниците да бидат наставници од основно образование на возраст од 18 до 40 години.

Комисијата утврди дека ваквиот услов е пропорционален и соодветен на поставените цели и целни групи на Асоцијацијата.

Оттука, Комисијата оцени дека не се исполнети елементите за утврдување директна дискриминација врз основа на возраст во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
---------